Архивски број: 08-34/5
08-02-2022 Година

**ОДЛУКА**

за отфрлање на претставка како неуредна

На 20.01.2022 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од страна на [redacted] е доставена неуредна претставка односно претставка во која подносителот нема своерачен потпис и во која не е наведен потенцијалниот дискриминатор.

Согласно чл. 24 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, **податоци за лицето против кого се поднесува претставката**, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и **потпис на подносителот**. Доколку претставката не ги содржи овие елементи или е нејасна, Комисијата ќе го задолжи подносителот да ја доуреди во рок од осум дена од денот на приемот на претставката.

На 02.02.2022 од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација до [redacted] беше доставено Барање за доуредување на претставката заверено со архивски број 08-34/4, за кое што Комисијата во законски предвидениот рок не доби одговор.

Со оглед на тоа дека во предметната претставка не е наведен потенцијалниот дискриминатор и нема своерачен потпис од подносителот во претставката, **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи да ја отфрли оваа претставка како неуредна.**

Скопје
08.02.2022

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација Скопје

Доставено до:
1. [redacted] Скопје,
2. Архива на КСЗД


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk